## *,,Книгата е извор на мудроста’’*

Што те води по патот до успехот?
Што е тоа кое нескромно знаење сее?
Што е толку едноставно, а сепак величенствено?
Што ти дава спокој кога надвор бура вее?

Сето тоа е скроено низ листовите бели,
испишано во мисли цели.
Проткаено од раце вешти, со мотиви бујни,
умее да пробуди чувства надалеку чујни.

И така се раѓа книгата,
извор на мудрост, на мир, богатство цело.
Колку и да пишувам верувајте не е доволно,
зборовите се малку за секое створено дело.

Таа ќе живее вечно,
ќе биде сведок за секој век,
и никогаш повторно нема да добиеме ваков изум,
ваков мелем и лек.

***Ангела Ристова IXа одд.***
***ОУ ,,Марко Цепенков”***